РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 02-4105/20
02-04-2018 201 год.
СКОПЈЕ

Јавно претпријатие за државни патишта - Скопје

# КОДЕКС
## За однесување на вработените во одделението за наплата на патарина и контрола

Објавено на огласна табла во ЈПДП на ден 03.04.2018 година

Објавено на огласна табла на НС. Глумово, Желино, Тетово, Гостивар, Петровец, Милорадовци, Романовци, Сопот, Предејане, Отовица на ден 03.04.2018

Март 2018

Врз основа на член 20 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта го донесе следниот

# КОДЕКС

## За однесување на вработените во одделението за наплата на патарина и контрола

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Кодекс се пропишуваат општите правила на однесување на вработените во одделението за наплата на патарина и контрола при вршењето на работите и работните задачи, како и при остварување и водење на комуникација со странките, односно корисниците на услугата-наплата на патарина.

### Член 2

Основни принципи во работењето за вработените во одделението за наплата на патарина и контрола, согласно овој Кодекс се:

- Стручност, совесност, чесност и одговорност во вршењето на работните задачи и обврски во согласност со Уставот, законите, подзаконските прописи, општите акти на Јавното претпријатие за државни патишта, ратификувани меѓународни договори, без дискриминација или повластување и без никаков личен интерес
- Посветеност во работењето
- Чување на својот углед и достоинство и угледот на Јавното претпријатие за државни патишта, со избегнување на ситуации и однесувања кои можат да наштетат на интересот или угледот на Јавното претпријатие за државни патишта
- Избегнување на користење на статусот или влијанието за задоволување на сопствените материјални и лични интереси, интереси на членовите на нивните семејства
- Избегнување секаков вид на етичко некоректно однесување
- Почитување на туѓите права и достоинство
- При извршување на своите работни задачи работниците да не се раководат од свои политички уверувања, лични, финансиски интереси и да не ги злоупотребува своите овластувања

### Член 3

Вработените во одделението за наплата на патарина и контрола се должни совесно и одговорно да се однесуваат кон работата и да работат согласно позитивните законски прописи.
Секој од вработените е должен да го почитува и чува угледот на Јавното претпријатие за државни патишта.

## II. НАЧИН НА КОМУНИКАЦИЈА

Член 4

Начинот на изразување и комуникација со странките треба да биде на коректен, професионарен и љубезен начин, со користење на јасен и разбирлив јазик.
Во деловната комуникација не смее да се употребуваат неформални изрази и друг начин на изразување кој би довел до создавање на впечаток на несериозност и незнаење.

Член 5

Љубезноста, коректноста и достапноста за странките, се стандардите кои се очекува да ги поседуваат вработените во одделението за наплата на патарина и контрола.
При комуникација со странките, вработените во одделението за наплата на патарина и контрола не смеат да го повишуваат тонот.
Во комуникација со странките се употребува терминот "ВИЕ", без разлика на пол, старост, образование, знаење, национална или верска припадност, општествен статус и слично.
При комуникација со странките при наплата на патарина, вработените на странките задолжително треба да се придржуваат на основните правила на комуникација и на странките да им се обраќаат со термините "ДОБРО УТРО ", "ДОБАР ДЕН ", " ДОБРА ВЕЧЕР", "ПОВЕЛЕТЕ" и " СРЕЌЕН ПАТ" .
Во самата комуникација треба да се говори јасно и разбирливо, тонот на гласот треба да биде пријателски и љубезен.
Во деловната комуникација не смее да се почуствува агресивност, нервоза или лутина.

## III. НЕПРИСТРАСНОСТ, СОВЕСНОСТ, ЧЕСНОСТ

Член 6

При извршување на службените должности, вработените во одделението за наплата на патарина и контрола нема да бидат пристрасни, односно ќе обезбедат еднаков третман на сите странки.
Вработените се должни работните обврски да ги вршат непристрасно и без влијание од политички партии, свои политички уверувања, лични, финансиски интереси и да не ги злоупотребуваат овластувањата.

Член 7

Вработените во одделението за наплата на патарина и контрола при извршување на своите службени должности не смеат да примаат и изнудуваат подароци, награди и друг вид на корист.

Обидите на странките да принудат било каква корист во замена за услуга или повластен третман, вработените во одделението за наплата на патарина и контрола се должни да го одбијат и да го пријават на непосредниот раководител.

Член 8

Во случај кога од вработените во одделението за наплата на патарина и контрола се бара да дејствуваат на неетички начин или на друг начин кој претставува кршење на овој кодекс, тие за тоа писмено ќе го известат непосредниот раководител.

Доколку барањето за недозволено однесување потекнува од непосредниот раководител, во тој случај информација во писмена форма ќе се достави до непосредниот раководител на издавачот на наредбата односно налогот.

Раководителот е должен да пронајде ефикасен начин да ги испита ваквите наводи, а во случај кога ќе се потврди постоењето на истите, ќе превземе мерки за санкционирање на истиот.

## IV. ЛЕГИТИМАЦИЈА

Член 9

При извршување на своите службени обврски вработените во одделението за наплата на патарина и контрола должни се да носат картичка со своето име, презиме и слика.

Член 10

Вработените нема да ги користат средствата за службена идентификација надвор од овластувањата.

Средствата за службена легитимација вработените ќе ги чуваат со особено внимание, секое оштетување навремено ќе го отстранат, а по завршување на работниот однос ќе го предадат во Јавното претпријатие за државни патишта.

## V. ПРАВИЛА ЗА РЕД И ДИСЦИПЛИНА

Член 11

Вработените во одделението за наплата на патарина и контрола се должни да се придржуваат на работното време, распоредот и користење на работното време во организационата единица во која работат како и на паузата во текот на работното време.

Член 12

Вработените во одделението за наплата на патарина и контрола (одговорен на наплатна станица, сменоводител за наплата на патарина, инкасант за наплата на патарина) работните задачи ги извршуваат во униформа.

По исклучок од ставот 1 на овој член, а по претходно одобрување од непосредниот раководител може работните задачи да ги извршуваат во цивилна облека.

Член 13

Вработените кои не се униформирани или кои претходно добиле одобрение работните задачи да ги извршуваат во цивилна облека, должни се да бидат пристојно и уредно облечени. Под пристојно облекување се подразбира облека која вклучува панталони, здолништа со должина до под колена, горни делови од облека со ракави, обувки во облик на кондури.

Член 14

На вработените во одделението за наплата на патарина и контрола им се забранува:

- Внесување во службените простории алкохолни пијалоци и наркотични средства
- Употреба на алкохолни пијалоци и наркотични средства за време на вршење на работните задачи
- Доаѓање на работа под дејство на алкохол и наркотични средства
- Пушење во службените простории
- Јадење во кабините каде се врши наплата на патарина
- Играње игри, користење на социјални мрежи и слично за време на работните задачи
- Држење или користење на приватни мобилни телефони, приватни фото апарати, камери, магнетофони, диктафони, касетофони, ТВ уреди, радио уреди и видео уреди
- Собирање на повеќе вработени од потребниот број, во кабините каде се врши наплата на патарина
- Умножување на материјали кои се наменети за службени потреби
- Вршење верски обреди
- Носење на предмети и обележја со кои се изразува и застапува политичко убедување
- Гледање на филмови, спиење на работно место и во работно време
- Доаѓање на работно место неуредени, неизбричени или пак облечени во куси пантолони, тренерки, патики, папучи и слично.

VI. ОДГОВОРНОСТ

Член 15

Во односите со странките вработените во одделението за наплата на патарина и контрола ќе внимаваат на својата безбедност, безбедноста на своите колеги и како

на безбедноста на учесниците во сообраќајот. Ако настане ситуација на нарушување на личната безбедност, безбедноста на колегите или безбедноста на учесниците во сообраќајот, вработените во одделението за наплата на патарина и контрола ќе побараат поддржка од надлежни органи или лица.
За сите овие случаи ќе го информираат непосредниот раководител односно во негово отсуство повисокиот раководен работник.

Член 16

Вработените во одделението за наплата на патарина и контрола се должни да го пријават секое сторено казнено дело за кое ќе дознаат при вршење на својата службена должност.

Член 17

Вработените во одделението за наплата на патарина и контрола ја прифаќаат личната одговорност при извршување на службените обврски.
Вработените во одделението за наплата на патарина и контрола се должни да ги почитуваат и да се придржуваат кон одредбите од овој Кодекс и да се запознаат со последиците од непочитување и непридржување кон истиот.

Член 18

Вработените во одделението за наплата на патарина и контрола максимално економично и ефикасно ќе управуваат и ќе ги користат средствата за работа, опремата и другите предмети кои им се доверени за извршување на нивните овластувања и ќе бидат активни во спречување на нивно незаконско користење. Покрај тоа, истите ќе се грижат за безбедноста за да спречат да дојде до оштетување на доверените средства.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Секое непочитување на одредбите од овој Кодекс, ќе биде основ за утврдување дисциплинска одговорност на вработениот како и изрекување на соодветна дисциплинска мерка.

Член 20

Овој Кодекс влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласна табла во Јавното претпријатие за државни патишта и на наплатните станици во Република Македонија.

Управен одбор
Претседател
Љупка Цикарска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА СКОПЈЕ